Промоција на радио емисија и документарно видео за студентите по пијано на ФМУ – Скопје

Во понеделник, 15 мај 2017 година, со почеток во 13:30 часот, во концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје ќе се одржи промоција на радио емисијата *Средба со студентите по пијано* снимена од студентите од насоката за сонологија со мултимедија Викторија Додевска, Андреј Блажевски, Николче Витковски, Цветанчо Николоски и Никола Шешиќ, која ја раководат професор д-р Димитрије Бужаровски и вонреден професор д-р Трена Јорданоска. Промоцијата на радио емисијата ќе биде пропратена со документарно видео за овој проект. Во емисијата учествуваат со своја изведба и изјава студентите по пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје: Марија Николовска од класата на доц. Кристина Светиева, Константин Хаџи Коцев од класата на проф. Тодор Светиев, Тодор Спанџов и Њомза Џафери од класата на доц. Кристијан Каровски, Томе Костовски од класата на проф. Ана Гацева, Ана Велиновска од класата на проф. Рита Трпчева-Поповиќ, Теодора Нарашанова од класата на проф. Зоран Пехчевски, и Горјана Стојановска и Иван Трајковски од класата на проф. Марија Ѓошевска. Во емисијата се вклучени изведби на дела од Дебиси, Брамс, Скрјабин, Григ, Лист, Пуланк, Шопен, Сен-Санс и Балакирјев. Радио емисијата и документарното видео по промоцијата ќе бидат достапни на страницата на Архивот Бужаровски http://buzar.mk.

